# 4. КОНКРЕТНИ ЦЕЛИ

| ТЕМА I: НАШАТА ТАТКОВИНА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА | | | |
|---|---|---|---|
| **Цели** | **Содржини** | **Поими** | **Активности и методи** |
| Ученикот/ученичката:<br>• да се запознае со карактеристиките на Република Македонија како држава;<br>• да ги согледува разликите помеѓу Република Македонија и нејзините соседи;<br>• да ги знае симболите на Република Македонија (знаме, грб, химна);<br>• да се запознае со основните стопански, политички и културни функции на главниот град на Република Македонија;<br>• да умее да ја одреди местоположбата на нашата татковина на географската карта и на глобусот во регионот и пошироко;<br>• да знае да ги опише природните карактеристики на Република Македонија;<br>• да се запознае со основните карактеристики на одделните периоди од македонското минато; | • Нашата татковина Република Македонија<br><br>• Државните симболи на РМ<br><br>• Скопје – главен град на Република Македонија<br><br>• Местоположба и природни особености на Република Македонија<br><br>• Периодизација на македонското минато<br><br>• Формирање на современата македонска држава | Држава<br>Татковина<br>Република<br><br>Знаме<br>Грб<br>Химна<br><br>Главен град<br>– метропола<br><br>Државна територија<br>Географски регион<br>Свет/Земјината топка<br><br>Царство, кралство, империја<br><br>Национална држава,<br>Референдум<br>Сувереност<br><br>Устав | • Демонстативен метод: презентирање на видеозаписи и илустративен материјал за Република Македонија.<br>• Истражувачки активности: на тема: Соседите на Република Македонија (работа во групи).<br>• Корелација со наставата по ликовно и музичко образование: изработка на симболи и учење на химната на Република Македонија.<br>• Определување на местоположбата на Скопје на географска карта.<br>• Изработка на албум: Нашиот главен град Скопје.<br>• Изработка на карта со обележување на државите на Балканскиот Полуостров.<br>• Техника грозд: изработка на грозд за природните особености на Република Македонија (релјеф, води, природни богатства).<br>• Проектна настава: групен облик на работа; изработка на проекти за одделни историски периоди.<br>• Корелација со наставата по македонски јазик: Писмена работа: Како беше формирана мојата држава. |